| прво до трето | описно оценување | описно оценување | описно оценување | описно оценување |
| четврто до шесто | описно оценување | описно оценување | описно оценување | сумативно |
| седмо до деветто | сумативно | сумативно | сумативно | сумативно |

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата научениците. Интерното оценување се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди,
Оценувањето може да биде формативно и сумативно.
Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот

период (I - III одд.) се оценува описно, во вториот период (IV – VI одд.) постигањата на учениците по задолжителните и изборните предмети се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), по класификационите периоди – тромесечја, крајот на првото полугодие описно и на крајот на учебната година оценувањето е сумативно.
Учениците од третиот период (VI –IX одд.) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5).
Учениците од прво одделение беа описно оценети според индивидуалните способности и можности.
Учениците од второ одделение на крај од првото и второто полугодие се описно оценети според индивидуалните способности и можности.
Учениците од трето одделение постигнаа резултати според индивидуалните способности и можности и беа описно оценети на крајот од првото полугодие.
Учениците од 4 одделение постигнаа резултати според индивидуалните способности и можности и беа описно оценети на крајот од првото полугодие.
Формативно и сумативно оценување во текот на целата година според критериумите и стандардите од БРО
Се вреднува залагањето и постигањето на ученикот/ученичката, се прибираат показатели за нивото на успешноста во постигањата, мотивираноста за учење, соработката со соучениците итн. Се врши формативно оценување на знаењата (од презентирањата, изработките и активностите на учениците). Се води евиденција за напредокот на секој ученик согласно целите и содржината на часот и се собираат податоци за портфолиото на секој ученик како еден од показателите за постигнувањата на секој ученик.
Учениците од 7 – 9 одд. беа бројчано оценети, а во текот на полугодието се спроведуваше формативно и сумативно оценување на учениците.
Во текот на годината користиме разгледуваме и применуваме, различни методи, техники и инструменти за следење на постигањата на учениците при ф miормативното оценување и креирање на сумативната оцена. Оценувањето на учениците се врши според критериумите и стандардите утврдени од страна на МОН и БРО
Учениците во оваа учебна година беа бројчано оценети,
Формативно и сумативно оценување во текот на целата година според критериумите и стандардите од БРО
Учениците во оваа учебна година беа бројчано оценети за прво тримесечие, прво полугодие.
Сите наставници изработија план за проверување на знаењето на учениците ( усно оценување, писмено оценување) согласно критериумите за оценување. Планот за писмено проверување на знаењата по мајчин јазиј, математика и странски јазик е заведен во секој од дневниците.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка (Директорот на училиштето,педагогот, психологот, координатори на проекти, претседатели на стручни активи) ќе го следат развојот на воспитно – образовниот процес во училиштето секој преку своите задолжувања и планирања во текот на учебната година дадени во нивните годишни планирања, како и во статистички извештаи за работа на училиштето на крај на прво полугодие и на крај на година.
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.
Изминатите две учебни години беше извршено тестирање ТИМСС на учениците од IV и V одделение. Оваа учебна година беа објавени резултатите.

Тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди го сочинуваат: директор, стручни соработници: педагог, психолог, одделенски раководители.
Постои Процедура за поплаки и жалби по добиени оцени согласно закон за основно образование во училиштето,
План за следење и анализа на состојбите со оценувањето со временски период и за конкретен наставен предмет,
План за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување,
План на споделување на добрата пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето

| **Активности** | **Учесници** | **Реализатори** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| Интерни обуки за реализација на настава | наставен кадар од одделенска и предметна настава | Наставници и надворешни обучувачи | Во текот на целата година |
| Соработка међу наставници на ниво на стручни активи - подобрување на начини на формативното и сумативно оценување | наставници од стручни активи - | Размена на искуства, снимени часови, отворени часови и сл. | прво полугодие |
| Поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето во врска со оценување ( објективно и транспарентно) | наставници | споделување на искуство међу наставници,користење приручници за формативно и сумативно оценување, отворени часови | континуирано |
| Поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување | наставници | наставници обучувачи, ментори | континуирано |
| Споделување на добрата пракса во рамки на училиштето во врска со оценување | наставници | еднократни работилници, споделување на матерјали међу наставниците, литература и др. | континуирано |
| Изработување на листа на приближно изедначени Критериуми за оценување на ниво на стручни активи | наставници | соработка помеѓу претседатели на стручни активи | прво полугодие |

Тимот за следење, анализа и поддршка го сочинуваат одделенските раководители, наставници кои предаваат I-V одделение, стручната служба.

Тимот за следење, анализа и поддршка го сочинуваат одделенските раководители, стручната служба и предметните наставници кои предаваат во предметна настава.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Од страна на Директорот и стручните соработници посетени се сите паралелки во текот на полугодието, отворени часови и воннаставни активности според планот предвиден во годишната програма. Во оваа учебна година советници од БРО извршија увид во планирањата на наставниот кадар и посетија часови на 15 април 2025 година.
Училиштето беше посетено од ДПИ - интегрална евалуација раководена од инспектор Весна Корлевска.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Изработена е самоевалуација во учебната според насоките дадени во Законот за Основно образование, и во 2023-25 во која се опфатени следните подрачја:
Подрачје 1 - Организација и реализација на наставата и учењето
Подрачје 2 - Постигнувања на учениците
Подрачје 3 - Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
Подрачје 4 - Управување и раководење
Подрачје 5 – Комуникации и односи со јавноста
Подрачје 6 - Училишна клима и култура
Подрачје 7 - Соработка со родителите и локалната средина
Тим за самоевалуација:
1. м –р Татјана Дамчевска – Директор
2. Марија Трајковски – Психолог
4. Сузана Стојчевска – Педагог
5. Емилија Николовска Спировски – Одд наставник
6. Рената Петровска Нечковска – родител

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изработено План за заштита и спасување, Годишен план за активности за одржување на училишната зграда, Правилник за заштита од пожари и експлозии ставени во Анекс на Годишната програма.

Тимот за следење, анализа и поддршка го сочинуваат класните раководители, стручната служба и предметните наставници кои предаваат од VI до IX одделение.
Тимот за следење, анализа и поддршка го сочинуваат класните раководители, стручната служба и предметните наставници кои предаваат во одделенијата.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува според препораки и протоколи од Санитарниот инспекторат врз основа на кој се донесени правилници за одржување на хигиената кои се во Анекс на Годишната програма според кои освен тековното одржување на хигиена, редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.
Одделенски совети од прво до петто одделение, во ООУ ,,Елпида Карамнди"-Битола и ПУ во село Цапари и село Доленци

Во текот на наставната година, за учениците како и за наставниците беше изготвен распоред за дежурство. Дежурните наставници/ученици имаа задолжение да водат грижа за редот и хигиената во училиштето.
Уредување на училишниот двор, собирање отпадоци околу училиштето и подигање на еколошката свест.
Уредување на училницата, училишната зграда на почетокот од учебната год.
Уредување на училницата по повод Нова година .
Редовно чистење на кабинетите и училниците. Поставени корпи за селекција на отпад.

### 18.2. Систематски прегледи

Се реализира редовен систематски преглед за ученици од прво, второ одделение во амбулантата Ј. Б. – Тито за ученици од централното училиште како и од ПУс.Цапари и ПУс.Доленци.
Редовен стоматолошки преглед во школска амбуланта при Здравствен дом - Битола, за ученици од шесто одделение од централното училиште како и ученици од петто од ПУс.Цапари и ПУс.Доленци.
Во текот на месец септември, на учениците од петто одделение им беше направено мерење на висина и маса од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола. За останатите ученици ќе се вршат систематски прегледи според Календарот во текот на второ полугодие.

Од 21.10 до 28.10.2024 година учениците од VI - а,б,в одделение имаа залевање на забите (стоматолошка превентивна заштита).

Од 7.10 до 10.10.2024 година учениците од 7а,б,в одделение имаа залевање на забите(стоматолошка превентивна заштита).
На 21.02.2025 година учениците од 9-а,б,в одделение имаа систематски преглед и вакцинација против заразните заболувања: Difterija, Tetanus и Детска парализа.

### 18.3. Вакцинирање

Согласно Законот за основно образование учениците се вакцинираат според однапред подготвена и доставена програма за имунизација од страна на службата за превентивна заштита на учениците во Здравстениот дом.
Беше спроведена вакцинација на учениците за ММР и "Детска парализа" и "Ди - Те - Пер", во амбулантата Ј. Б. - Тито. а се опфатени учениците на возраст од:

6 години (I одд.) - ММР Мали сипаници, рубеола, заразни заушки - Ревакцинирање

7 години (II одделение ) ДИ-ТЕ, ПЕРПОЛИО дифтерија, тетанус, пертусис, детска парализа за ученици од централното училиште како и од ПУс.Цапари и ПУс.Доленци.
IIРевакцинирање;

12 години, (VII одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) - Вакцинирање на 01.12.2024 година.

14 години ( завршна година на основно училиште ) ДИ-ТЕ ПОЛИО (дифтерија, тетанус, пертусис) III Ревакцинирање.

Учениците во зависност од училишната смена, одат пред или после наставата со присуство на родител.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Исхрана за учениците во училиштето е организирана од страна на фирма која доставува пакована и безбедна храна за учениците во училиште. Исто така дозволено е учениците кои не се хранат да си носат пакована храна од дома. Не е дозволено да се консумираат производи од небезбедни места.
-Предавање за здрав начин на исхрана од страна на одделенски раководители
-Предавање за здрав начин на исхрана од стручни лица – лекари и нутриционисти во соработка со Завод за здравствена заштита
-Истакнување на плакатни прикази на начините на здрава исхрана преку пирамида на здрава исхрана
Родителите беа запознати со организираниот оброк во училиштето (набавувач, мени) и на Совет на родители одлучено беше кој ќе е доставувач на оброк во училиштето.
На одделенските часови од предметот образование за животни вештини и воннаставни активности се реализираа работилници за здрава исхрана.

На одделенските часови од предметот образование за животни вештини, во VI одд. како и на воннаставни активности се реализираа работилници за здрава исхрана:

02.12.2024 Едукација за здрава исхрана. Цел: Да умее самостојно да креира свое дневно мени на здрава исхрана Да стекне навика да користи сирово овошје и зеленчук во замена за грицки;

07.04.2025 Лековити чаеви од нашето поднебје во функција на нашето здравје - дискусија. Цел: Да ги знае придобивките од најчесто користените чаеви од нашето поднебје и нивната намена со цел истите да ги воведе во своето мени;

## 19. Училишна клима

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.
Во текот на учебната година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања.
На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Ќе се изготви Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и истиот се поставува на видно место во училиштето.
Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Се изготви распоред, кој без исклучок се следи и спроведува. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција.

Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор. Исто така, се задолжуваат одговорни за следење на сите збиднувања во училиштето за време на одморите кои водат писмена евиденција за тековните збиднувања.

### 19.1. Дисциплина

Учениците од прво одделение покажаа солидно ниво на однесување и во периодот на прилагодување како и после тоа. Одлично ги прифатија редот и дисциплината во училиштето.
Дисциплината кај учениците од второ до петто одделение беше на задоволително ниво и сите имаат примерно поведение.
Во текот на учебната година наставниците во одделенска настава ја имаа целосната контрола над учениците за време на наставата и одморите меѓу часовите.
Дежурствата ги реализираа одделенските наставници од I до V одделение, во зависност од смените.
Според рапоредот задолжените одделенски натавници водеа евиденција за тековните настани и дисциплината за време на одморите. Исто така се грижеа за редот и дисциплината на учениците за време на одморите во училиштето и во училишниот двор.
Во текот на наставата, дисциплината на учениците беше на задоволително ниво.
Во текот на учебната година наставниците внимаваа за одржување на редот во училница, училичните ходници и двор преку редовни дежурства на наставниците утврдено со распоред на дежурства изготвен од страна на стручната служба и објавен на огласна табла.
Во текот на учебната година наставниците внимаваа за одржување на редот во училница, училичните ходници и двор преку редовни дежурства на наставниците утврдено со распоред на дежурства изготвен од страна на стручната служба и објавен на огласна табла.

**Учениците од I - IX одделение покажуваат дисциплинирано однесување. Сите ученици се со примерно поведение и користат општоприфатени правила и соодветни јазични фрази во културната комуникација и ги применуваат во различни ситуации од секојдневниот живот.**

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Преку реализација на општетвено-корина работа кај учениците е негуваше позитивниот одно кон работата. Катчињата, училниците и холот беа уредувани согласно настаните во училиштето и според годишните времиња. Во училиштето е развиваше позитивен однос кон уредување и одржување на просторот и дворот на училиштето.

Наставниците заедно со учениците учествуваа во уредување на просторот во училниците и паноата во ходниците со изработки од самите ученици по предметите соодветно.
Во текот на учениците изработуваа проекти за во училницата и за во училишниот хол
Во текот на прво полугодие во учебна година ги уредувавме кабинетите по математика, информатика и техничко образование, како и паноата истакнати во училишниот ходник изработени од учениците.

Во текот на учебната година ги уредувавме кабинетите во кои изучуваа учениците од I - IX одделение, како и паноата истакнати во училишниот ходник изработени од учениците.

### 19.3. Етички кодекси

**Кодекс за учениците**

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава;
- Ученикот е должен да одржува лична хигиена (дезинфекција на раце) и да не го загрозува здравјето на наставниците и учениците
- Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни и пристојно облечени.
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Да помага на помалку успешните ученици,;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот;
- Ученици не смее да има недолично однесување;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- На часовите не е дозволено да се џвакаат гуми за џвакање, како и истите да се лепат на клупите и столчињата
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Не смее да користи вулгарни зборови кога комуницира;
- Да ги почитува правилата во текот на часот кои наставникот ги поставил во договор со учениците на часовите со физичко присуство
- Да не носи предмети со кои би можеле да повредите други ученици;
- Да покажи толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- Да го искажи своето незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Да не посегнува по туѓите предмети без дозвола;
- Да не станува од своето место на седење во текот на часот без дозвола од наставникот;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Да го сослушува внимателно и почитува мислењето на другиот;
- Ученикот задолжително да му ги пренесува на родителот информациите по барање на наставникот;

**Кодес за родителите**

- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;

Кодекс за наставниците

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за училницата во која држи настава;

- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување, да ги почитува Куќниот ред, да го заштитува своето здравје и здравјето на учениците;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи за време на часовите;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

Кодекс на другите вработени во училиштето

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат Куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок

Учениците ќе се запознаат со правилата кои произлегуваат од училишниот кодекс, при што ќе се воведат и секојдневно насочуваат истите да ги применуваат во пракса.

Во училниците и на огласните табли беа истакнати етички кодекси на учениците, наставниците, другите вработени и родителите. За време на учебната година беше изработен кодекс на однесување на учениците во училница и во училиште.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Наставниците од стручниот актив по природните науки – биологија, хемија, физика во текот на годината редовно одржуваше состаноци, а исто така преку интегрирана секција од трите предмети успешно беа реализирани повеќе вонаставни активности и часови со ученици од различни одделенија.
За време на прво полугодие во учебната година беше се подобрува успешна тимска работа помеѓу наставниците, стручната служба и родителите.
Претседателите на стручни активи во училиштето ја координираат работата на активите преку редовни состаноци согласно програмата за работа на стручните активи за 2024/2025 година.
-Наставниците од одделенскиот совет се во постојана комуникација и соработка меѓусебна и со останатите наставници во училиштето, како и со стручната служба.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Тимот за изработка и следење на програма за професионален развој на воспитно образовниот кадар ги вклучува директорот на училиштето, претседателите на стручните активи и стручен соработник. Членови на тимот за професионален развој се: директор Емилија Николовска Спировски, претседателите на сите стручни активи Александар Адамовски, Сузана Петковска, Игор Стојанов, Ана Илијовска, Ленче Радевска, Драган Думевски, Елена Трајковска, Лилјана Јошевска и педагог Сузана Стојчевска.

Училиштето ги детектира и утврдува потребите и приоритетите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, што произлегуваат од детектираните состојби, резултатите од самоевалуацијата, интегралните евалуации, како и од следењето и вреднувањето на работатана наставниците и стручните соработници.
Потребата од стручно и педагошко усовршуваше произлегува пред се од педагошката пракса која секојдневно се збогатува со нови форми- иновации, кои од наставникот бараат да оди во чекор со времето, да ги следи и применува и на тој начин да се усовршува самиот себеси и наставата во училиштето.

За наставниците од одделенска и предметна настава, стручните соработници БРО организираше задолжителни обуки кои се реализираа во текот на полугодието во различни училишта согласно избраните обуки од наставниот кадар.

Според детектираните состојби, се укажа на неопходноста за следење на обуки на тема Инклузија.

Следење на обуки потребни за примена на технологијата за олеснување и засилување професионалниот развој на наставниците.
Како приритет се обуки за работа со деца со ПОП.

Секој наставник посетува обуки според потребите во наставата.

### 20.2. Активности за професионален развој

Тимот за професионален развој изработува анализи и врз основа на нив ги утврдува потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето;

-соработува со БРО и други институции за учество на обуките на воспитно-образовниот кадар;

-изработува долгорочен план за потребите за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар;

-годишен план на активности за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар;

-Во извршувањето на надлежностите тимот за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и советодавна стручна работа ги врши следните работи:

-дава советодавна стручна помош на наставниците за реализирање на концепциските и систематските промени во воспитно- образовниот систем;

-дава стручни совети за самоевалвација на училиштето и изработка на развојните планови;

-ги координира активностите, заедно со раководниот тим на училиштето, за изработка и спроведување на акционите планови за мерките кои треба да се преземат по извршената интегрална евалвација;

-дава стручна помош на наставниците за подготовка и спроведување на училишните проекти во согласност со развојните планови;

-врши советодавна стручна работа со наставниците во врска со наставата по општообразовните предмети и наставни подрачја, како и за следење, проверување и оценување на учениците;

-дава стручна помош на наставниците во работата со надарените и талентираните ученици и предлага мерки за нивна поддршка;

-дава насоки на наставниците за користење на професионалните ресурси во училиштето;

-врши инструктивна менторска работа и дава интервентна помош за воспитно-образовниот кадар;

-поттикнува и организира активности за размена на знаења и професионално искуство меѓу училиштата;

-соработува со училиштата за подобрување на квалитетот на наставата.

Училиштето ќе овозможи професионално усовршување на наставниот кадар согласно нивните приоритети по подрачја и според нивниот план за професионален развој кој ќе го доставaт во стручната служба.

ПОДРАЧЈА за професионален развој на наставниот кадар во училиштето

I. Знаење за наставниот предмет и за воспитно – образовниот систем

II. Поучување и учење

III. Создавање стимулативна средина за учење

IV. Социјална и образовна инклузија

V. Комуникација и соработка со семејството и заедницата

VI. Професионален развој и професионална соработка

Во текот на учебната година се реализираа повеќе посети на советувања, обуки, работилници, конференции и семинари од страна на сите членови на активот со цел надградување на компетенциите на наставниците и збогатување со нови информации и искуства и примена на нови идеи во наставниот процес.

Наставниците од стручните активи посетија повеќе обуки во текот на училишната година и тоа:

Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка во наставата,

Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици,

Универзален дизајн на учење како дел од проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“

**20.3. Личен професионален развој**

Одделенските наставници и предметните наставници изработија Личен план за професионален развој за подобрување на професионалните компетенции, кој е доставен во Стручната служба.

**Стручно усовршување на наставниците од природната група предмети**

Учество во проект ,,Сончеви училишта“ од фондацијата „Отворено општество“ - декември (Лилјана Мирчева, Ана Илијовска)
Учество на две обуки со теми:
- Проектно менаџирање и прибирање средства
- Застапување и лобирање
од проектот „Зелена генерација 2.0: Училишта за климатска акција во април-мај 2025 (Лилјана Мирчева, Ана Илијовска)
Учество на две обуки со теми:
- Дигиталните алатки во наставата за подршка на инклузијата 16.05.2025 (Кица Трајчевска)
- Универзален дизајн на учење 20.05.2025 г (Кица Трајчевска)

На ден 08.04.2025 година наставниците Елена А. Божиновска и Славица Маркоска учествуваа на обука за унапредување на работата во Училишниот одбор.

Во текот на месец јануари 2025 година предметниот наставник Елена А. Божиновска беше ангажирана како рецензент на учебник Математика за седмо одделение.

Индивидуално, секој наставник учествуваше на обуки, согласно своите потреби и детален извештај за тоа поднесува претседателот на Стручниот актив.

Секој наставник од активот изработи план за личен професионален развој и после анализата на истиот беше констатирано дека имаме потреба од обуки за деца со посебни потреби и начините на нивна интеграција, а во тек на учебната година посетивме и обуки на таа тема.

### 20.4. Хоризонтално учење

Формално образование – хиерархиски структурирано учење кое води кон стекнување -дипломи
Неформално образование – организирани и планирани содржини вон формалниот систем на образование со кои учесниците се стекнуваат со сертификати или потврди.
Информално образование – претставува непланирано индивидуално лично иницирано образование наречено случајно учење - самообразование
Иницијалното образование се стекнува преку формалното образование и не ги обезбедува сите компетенции и вештини кои им се потребни на наставниците до крајот на нивниот професионален живот.
Наставничката дејност – компетентноста се состои од две компоненти:
1.стручно – научна (усовршување и подобрување на знаењата и вештините од нивната потесна струка или област)
2.педагошка (усовршување и подобрување на знаењата и вештините од педагошката практика и училничкиот менаџмент- форми, методи, стратегии на учење и поучување
Овие две компоненти овозможуваат професионален развој на кадрите во воспитно образовните институции

Стручното усовршување на ВО кадар се реализира на следните начини: - индивидуално стручно усовршување кое е составен дел на личното групно стручно усовршување кое се дели на интерни форми на ниво на училиште а се реализира низ работата на стручните активи со приоритетните цели, интегрираното планирање отворени часови и дискусија семинари, обуки, работилници реализирани од надворешни или внатрешни лица, тематски предавања на Наставнички совет

Екстерни форми за професионално усовршување се обуките организирани и реализирани од надворешни институции во рамките на проекти или програми за усовршување на Министерството за образование и наука, БРО и други институции, вклучени во одделни проекти и семинари, конгреси , трибини дебати, тркалезни маси .
„Коучингот“ како форма на усовршување на наставниците и стручните соработници е процес на заемно дејство и соработка и се темели на три компоненти: стручна помош, лична поддршка и индивидуален предизвик.
Менторската фаза е со цел менторираниот да се стекне со неопходно искуство нови знаења и вештини за успешна самостојна работа.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставничката дејност – компетентноста се состои од две компоненти:

стручно – научна (усовршување и подобрување на знаењата и вештините од нивната потесна струка или област)педагошка (усовршување и подобрување на знаењата и вештините од педагошката практика и училничкиот менаџмент- форми, методи, стратегии на учење и поучување
Стручното усовршување на ВО кадар се реализира на следните начини:
-индивидуално стручно усовршување кое е составен дел на личното и групно стручно усовршување кое се дели на интерни форми на ниво на училиште а се реализира низ работата на стручните активи со приоритетните цели, интегрираното планирање отворени часови и дискусија, семинари, обуки, работилници реализирани од надворешни или внатрешни лица, тематски предавања на Наставнички совет.
Екстерни форми за професионално усовршување се обуките организирани и реализирани од надворешни институции во рамките на проекти или програми за усовршување на Министерството за образование и наука, БРО и други институции, вклучени во одделни проекти и семинари, конгреси, трибини дебати, тркалезни маси, online обуки.
Менторската фаза е со цел менторираниот да се стекне со неопходно искуство нови знаења и вештини за успешна самостојна работа.
Кариерниот развој на воспитно-образовниот кадар согласно законот започна да се реализира оваа учебна година. Наставникот и стручниот соработник кој ги исполнува условите согласно критериумите за кариерен развој може да напредува во звања наставник ментор, наставник советник.
Основни професионални компетенции на наставникот опфаќаат основни знаења,способности и вештини кои што ги поседува наставникот за да може квалитетно да ја обавува наставничката професија.
Од јуни 2021 година наставникот Елена А. Божиновска се здоби со звање наставник ментор.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

| Р.бр | Вид на соработка | Динамика | Реализатори |
|---|---|---|---|
| 1 | Индивидуални разговори | Секој 15- ти ден | Одделенски раководител |
| 2 | Групни родителски средби | 10, 11, 01,03,05 | Одделенски раководители |
| 3 | Општи родителски средби | По потреба | Директор, педагог, социјален работник Одделенски раководител,предметни наставници |
| 4 | Совет на родители | По потреба | Претставници од Советот |
| 5 | Советување со родители | По потреба | Психолог/педагог |
| 6 | Приемен ден за родители | Секој последен понеделник во месецот | Одделенски раководители |

Во текот на учебната година одржаа 5 родителски состаноци на кои се разговараше за главните точки на дневниот ред – успех и поведение, така и за тековни прашања. Исто така имаше отворени денови каде родителите имаа можност да се консултираат со предметните наставниците за успехот на своите деца

Советот на одделенските наставници редовно ги информираше родителите за постигнувањата на своите деца и секојдневно и на редовните родителски состаноци. Во текот на ова полугодие се реализирани по 3 родителски средби на кои што навременео беа информирани за успехот, поведението, проблемите и нивно навремено надминување.
Во советот на родители има претставник од секое одделение по еден родител, којшто редовно е присутен на состаноците на советот и е информиран за сите настани и активно е вклучен во давањето предлози и донесувањето на одлуки.
Исто така, претставник од Советот на родители има во Училишниот одбор, кој редовно е присутен на состаноците.
Сите наставници од активот одржуваа редовни групни и индивидуални средби со родителите на кои беа известувани за успехот и дисциплината на учениците, родителите партиципираа во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки и заедно со наставниците беа вклучени во активностите кои се изведуваа во текот на годината

Во текот на учебната година, редовно се одржуваа родителски состаноци со родителите на учениците од, се разговараше како за главните точки на дневниот ред - успех и поведение, така и за тековни прашања.
Соработката со родителите се одвиваше низ индивидуални, групни и општи средби со различни цели и потреби во рамките на училишните и вонучилишните активности
Во текот на учебната година, редовно се одржуваа родителски состаноци, се разговараше како за главните точки на дневниот ред – успех и поведение, така и за тековни прашања.
Соработката со родителите се одвиваше низ индивидуални, групни и општи средби со различни цели и потреби во рамките на училишните и вонучилишните активности
Во текот на првото полугодие во учебната година, редовно се одржуваа родителски состаноци и индивидуални средби.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

Соработката со семејството се одвива по изготвени програми по паралелки (заеднички и индивидуални средби) и истата ќе се збогатува со нови форми на работа.

- Совет на родители

Советот на родители како основни програмски задачи ќе ги има:
Развивање на соработката на семејството со Училиштето со цел да се реализираат ВО содржини;
Вклучување на родителите во развивањето на програмските задачи на Училиштето;
Учество во давање мислење од интерес за поуспешна работа со учениците;
Реализација на едукација од страна на стручната служба на родителите.
Советот на родители е организиран: Совет на родители на паралелката и Совет на родители на Училиштето. Овие совети работат по изготвена програма со конкретизација на активностите.
Целта на оваа соработка со родителите е редовно да бидат информирани со работата, проблемите и успесите, а воедно да помагаат со идеи за подобрување на процесот на учење кај учениците и нивната вклученост во воннаставните активности
Динамика: континуирано во текот на учебната година, по потреба.
Координатори: Претседател на Советот, директор, педагог, психолог и социјален работник.
Активноста за соработка со родителите ќе се спроведува преку средби индивидуални,групни, (родителски), преку локалните електронски и пишувани медиуми, интернет.

Соработката со родителите подразбира нивна активна вклученост во животот и работата на училиштето како и сите тековни активности, во процесот на учење и донесување на одлуки.
Училиштето реализира активности за едукација на семејството преку изработување и доставување на флаери и брошури како и организирани средби во училиштето
Од прво до петто оделение родителите кои можеа да придонесат за реализација на предавања, работилници по одредени предмети беа активно вклучени секој според својата професија во корелација со наставните содржини.
Родители на учениците од предметна настава активно беа вклучени и во воннаставни активности, особено во активности од проектот „Отворете ги прозорците" на тема: „Сензитивизација на родители за потребите на децата со ПОП" и „Обука за детски права и мултикултурализам".

**21.3. Едукација на родителите/старателите**

| Реализирани обуки | време на реализирање | Одговорно лице/а |
|---|---|---|
| Детски права | октомври | Надворешни соработници од проектот Отворете ги прозорците, стручна служба од училиштето, наставници од одделенска и предметна настава. |
| Интеркултурализам | октомври месец | |
| Поддршка за родители на ученици со потешкотии | ноември | |
| Сензитивизација на родители за потребите на децата со посебни образовни потреби | ноември | |

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

| Комуникација и соработка | Време на реализирање | Носители на активности |
|---|---|---|
| Соработка со основни училишта | континуирано | Стручни соработници |
| Соработка со средни училишта | полугодие | Стручни соработници, одделенски раководители |
| Педагошки Факултет - Битола – пракса за студенти од прва година | континуирано | Стручни соработници, наставници по Англиски јазик |
| Соработка со НУБ „Св.Климент Охридски" | континуирано | Наставници по Македонски јазик, наставници од одделенска настава |
| Соработка со Американско катче – Битола | континуирано | Педагог, наставник Џенет Тасковска |
| Соработка со Goethe Institut | По потреба | Наставници по Германски јазик |
| Соработка со РСБСП - Републички совет за безбедност на патиштата | полугодие | Наставници и ученици од второ одделение |
| Служба за ментално здравје на деца и младинци | континуирано | Стручни соработници, родители на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| Центар за социјална работа | континуирано | Стручни соработници |
| Соработка со амбуланта за имунизација и систематски прегледи | континуирано | Стручни соработници |
| Соработка со Здравствен Дом Битола | континуирано | Стручни соработници |
| Соработка со Црвен крст | континуирано | Тим за соработка |
| Соработка со НВО | континуирано | Наставници |
| Соработка со ОУРЦ „Кочо Рацин“, ОУ„Ѓорги Сугарев“- Центар за поддршка | По потреба | Стручни соработници специјален едукатор и рехабилитатор |
| Изработка на училишен весник | април | наставници по македонски јазик |
| Соработка со Меѓународен славјански универзитет | Април - Мај | Психолог, наставници, образовни асистенти |
| Соработка со Младински центар Битола | континуирано во текот на учебната година | Психолог, ученици |
| Соработка со Комисија за МКФ процена на ученици | континуирано во текот на учебната година | педагог |

**23. Следење на имплементацијата на годишниот извештај за работа на основното училиште**

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| 1.Организација и реализација на наставата | Во текот на учебна година | Директор, заменик директор, стручни соработници и одделенски наставници | -раководна служба<br>-стручна служба<br>-наставници<br>-ученици<br>-родители |
| 2.Постигнувања на учениците | Начин на водење на евиденција, во текот на учебната година | Наставници, ученици, родители, стручни соработници | Наставници, ученици, родители, стручни соработници |
| 3.Обуки на наставниците и професионален развој | Следење на вебинари, обуки, семинари во текот на учебната година | Директор, стручни соработници, одделенски наставници, БРО | -раководна служба<br>-стручна служба<br>-наставници<br>-ученици<br>-родители |

**24. Заклучок**

На крајот на учебната година се изработува извештај за евалуација на работата на училиштето и реализираните активности кои се предвидени со годишната програма.

**25. Комисија за изработка на годишниот  извештај за работа на основното училиште**

Во изработката на годишниот  извештај за работа на основното училиште свој придонес дадоа сите наставници со изготвување на извештаите во одделенските и стручните активи, како и стручната и административната служба секој во делот на својата надлежност.

**Членови на комисија за изработка на годишен извештај**

1. Директор Емилија Николовска Спировски
2. Сузана Стојчевска- педагог
3. Марија Трајковски - психолог
4. Билјана Карапетроска - одд. наставник
5. Билјана Митковска - предметен наставник
6. Кица Трајчевска - предметен наставник
7. Филип Ѓорески - предметен наставник
8. Лилјана Јошевска - одд. наставник
9. Елена Трајковска - одд. наставник
10. Ивона Мушовска - претставник од ученички парламент
11. Леона Марковски - претставник од ученички парламент

**26. Користена литература**

- Нов правилник за изработка на годишна програма за работа на основни училишта изготвен од МОН 2024 год
- Закон за основно образование
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
- Законот за работни односи
- Законот за јавни набавки
- Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Стратегија за образование 2018-2025
- Наставни планови и програми
- Подзаконски и интерни акти (Статут на училиштето,Програма за развој на училиштето, етички кодекс , деловници за работа на органите, правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн)
- Извештаи (Годишен извештај за работата на основното училиште од претходната 2023/24 година, извештај од интегралната евалвација, извештај од самоевалвација, увиди од Државниот просветен инспекторат, посети и извештаи од советници од БРО, извештаи за финансиското работење на училиштето) записници

Директор　　　　　　　　　　Претседател на Училиштен одбор

______________________　　м.п　　__________________________________

м-р Емилија Николовска Спировски